РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 30.01.2017 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со следните евидентни броеви: 109432, 107770, 107823 и 108123 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ А.Д.за електронски комуникации-Скопје, со адреса : ул.“Кеј 13-ти Ноември бр.6“ Скопје на негово барање.

**II**

Одобренијата за користење на радиофреквенции од точка I на ова Решение престануваат да важат заклучно со 30.01.2017 година.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви: 109432, 107770, 107823 и 108123 на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ А.Д. за електронски комуникации-Скопје, со адреса : ул.“Кеј 13-ти Ноември бр.6“ Скопје.

На 26.01.2017 год. МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ А.Д.за електронски комуникации-Скопје, достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведените одобренија со број Уп1-бр.0802-199.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-199
Скопје, 01.02.2017

Изготвил,
Александар Панчевски
На ден 30.01.2017.

Раководител на одделение за фиксна и мобилна служба
Радка Шекутковска

Раководител на сектор за радиокомуникации
Јане Јакимовски

**по овластување од Директорот,**

**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- Сектор за радиокомуникации

АЕК-751-301.12/Изм.01